РОБЕРТ КЕГАН 316.47(4:73)

# ЕВРОПА И АМЕРИКА ВО НОВИОТ СВЕТСКИ ПОРЕДОК: РАЈОТ И МОЌТА/ВЕНЕРА И МАРС

од
Robert Kegan

Paradise and Power: America and Europe in the New World Order
London: Atlantic Books, 2004, revised and updated edition, стр. 3-11

од англиски превел Ило Трајковски

Време е да престанеме со преправањето дека Европјаните и Американците споделуваат едно заедничко гледање на светот, па дури и тоа дека тие живеат во еден ист свет. Во однос на сите важни прашања во врска со моќта – ефикасноста на моќта, моралноста на моќта, пожелноста на моќта – американската и европската перспектива се разидуваат. Европа и врти грб на моќта, или малку поинаку речено, таа оди отаде моќта, во еден самоограничен свет од закони и правила и транснационални преговори и соработка. Таа влегува во еден постисториски рај на мир и релативен просперитет, остварување на „трајниот мир“ на Имануел Кант. Во меѓувреме, Соединетите Држави остануваат закатанети во историјата, практикувајќи моќ во еден анархичен хобсовски свет во кој меѓународните закони и правила се кревки и во кој вистинската безбедност, одбрана и промоција на либералниот поредок сеуште зависат од поседувањето и употребата на воена сила. Поради ова, денес, во однос на главните стратегиски и меѓународни прашања Американците како да се од Марс, а Европјаните како да се од Венера: Тие се согласуваат само малку и се помалку и помалку се разбираат една со друга. А ваквата состојба на односите не е преодна – не е производ на едни американски избори и на еден катастрофичен настан. Причините за трансатланската поделба се длабоки, имаат долг развој и најверојатно ќе потраат. Кога станува збор за поставувањето на националните приоритети, одредувањето на заканите, дефинирањето на предизвиците и за обликувањето или за спроведувањето на надворешните и одбрамбените политики, Соединетите Држави и Европа имаат раздвоени патишта.

Како Американец кој живее во Европа, лесно ми е да го согледам контрастот. Европјаните се многу посвесни за растечките разлики, веројатно затоа што тие нив ги повеќе плашат повеќе. Европските интелектуалци се скоро едногласни во убедувањето дека Американците и Европјаните повеќе не споделуваат една заедничка „стратегиска култура.“ Европската

карикатура во нејзината најекстремна форма ја претставува Америка како во неа да преовладува една „култура на смртта,“ а нејзиниот воинствен темперамент како природен производ на насилното општество во кое секој маж има пиштол и во кое опстојува смртната казна. Но, дури и оние кои не ја поддржуваат оваа сурова врска се согласуваат дека има големи разлики во начинот на кој Соединетите Држави и Европа ја спроведуваат надворешната политика.

Соединетите Држави, велат тие, прибегнуваат кон сила многу побрзо и, во споредба со Европа, се помалку стрпливи со дипломатијата. Американците, општо го гледаат светот како да е поделен меѓу доброто и злото, меѓу пријатели и непријатели, додека Европјаните гледаат посложена слика. Кога се соочуваат со стварни или потенцијални опоненти, Американците, општо, повеќе претпочитуваат политика на принуда отколку на убедување, протежирајќи ги строгите казни пред наградите за добро однесување, стапот пред морковот. Американците се склони во меѓународните односи да гледаат конечност: Тие сакаат решавање на проблемите и елиминирање на заканите. И, секако, Американците се сé понагласено склони кон унилатералност во меѓународните односи. Тие се помалку склони да дејствуваат преку меѓународните институции како Обединетите нации, помалку склони да работат кооперативно со другите нации за да постигнат заеднички цели, поскептични се во однос на меѓународното право и поспремни се да дејствуваат надвор од неговите структури тогаш кога го сметаат тоа за нужно, или просто за корисно.[1]

Европјаните инсистираат на проблемите да им се пристапува со повеќе сенс и софитицираност. Тие се обидуваат врз другите да влијаат внимателно и индиректно. Тие се потолерантни кон неуспесите, постpпливи кога решенијата не доаѓаат брзо. Тие, општо, ги претпочитуваат мирните решенија на проблемите, ги преферираат преговорите, дипломатијата и убедувањето пред принудата. Тие при решавањето на споровите побрзо се повикуваат на меѓународното право, меѓународните конвенции и на меѓународното мнение. Тие за да ги поврзат нациите заедно се обидуваат да искористат комерцијални и економски врски. Тие често процесот го нагласуваат пред резултатот, верувајќи дека самиот процес ќе стане содржина.

Ваквиот европски порттрет е, секако, двојна карикатура со соодветни претерувања и поедноставувања. Не може да се генерализира за Европјаните: Британците може да имаат поамериканско сфаќање за моќта отколку повеќе Европјани од

---

[1]Еден претставителен француски набљудувач го опишува „американскиот ментален склоп“ како „склон кон нагласување на воени, технички и унилатерални решенија за меѓународните проблеми, на штета на кооперативните и политичките“ Види Gilles Andreani “The Disarray of U.S. Non-Proliferation Policy”, *Survival* 41 (Winter 1999-2000): 42-61.

континентот. Нив ги издвојува нивното сеќавање за империјата, „специјалните односи" со Соединетите Држави создадени за време на Втората Светска војна и при крајот на Студената војна, како и нивната историски специфична положба во однос на остатокот од Европа. Исто така, никој не може просто да ги трупне заедно Французите и Германците: Првите горди и независни, но истоврмеено изненадувачки небезбедни, вторите помешани од самодовербата и самосомничавоста од крајот на Втората Светска Војна. Истовремено, нациите од иточна и централна Европа имаат сосема поинаква историја од онаа на нивните западни соседи, еден историски вкоренет страв од руската моќ и, следствено, едно поамериканско сфаќање за хобсијанската стварност. И, секако, има различни перспективи внатре во самите нациите на двете страни од Атлантикот. Француските голисти не се исто што и француските социјалисти. Во Соединетите Држави, Деморактите често се гледаат како „поверопејци" од Репубиканците; Државниот секретар Колин Пауел може да изгелда „поевропски" од Државниот секретар за одбрана Доналд Рамсфелд. Многу Американци особено меѓу интелектуалната елита, се чувствуваат исто толку неудобно со „тврдите" белези на американскката надворешна политика колку и секој Европјанин; а и некои Европјани ја вреднуваат моќта исто како и некој Американец.

Сепак, карикатурите дофаќаат една суштинска вистина: Соединетите Држави и Европа денес се фундаментално различни. Пауел и Рамсфелд имаат повеќе заедничко отколку што имаат министрите за надворешни работи на Франција, Германија па дури и на Велика Британија. Кога станува збор за употребата на сила, повеќето убедени американски Демократи имаат повеќе заедничко со Републиканците, отколку со повеќето Европјани. Во 1990-ите дури и американските либерали беа поспремни да прибегнат кон сила и беа поманихејци во нивните сфаќања на светот отколку повеќето нивни европски пандани. Клинтоновата администрација го бомбардираше Ирак како и Авганистан и Судан. Повеќето европски влади, може комотно да се рече, не би го направиле тоа и беа, навистина, шокирани од американкиот милитаризам. Интересно е прашањето дали Европјаните би го бомбардирле Белград во 1999 доколку на тоа не ги принудеа Соединетите Држави.[2] Во октомври 2002 година, мнозинството Демократи од Сенатот ја поддржаа резолуцијата која го овласти

[2] Случајот на Босна од раните 1990-ти се покажува како пример кога некои Европјани, главно британскиот премиер Тони Блер, во тој момент беа понападни во застапувањето на воена акција отколку Буш, а потоа и Клинтоновата администрација. (Блер, исто така, беше еден од првите застапници на употребата на сила па дури и копнени трупи во кризата во Косово). А Европјаните имаа копнени сили на територијата на Босна кога Соединетите Држави немаа, иако во улогата на мировна мисија на ОН која се покажа неефективна тогаш кога беше момент.

[2] Michael Howard, *The Invention of Peace* (New haven, 2001) стр. 47.

претседателот Буш да влезе во војна со Ирак, додека нивните политички пандани во Франција, Германија, Италија, Белгија, па дури и во Обединетото Кралство на тоа гледаа со збунетост и ужаснатос.

Каде е изворот на овие разидувачки стратегиски перпективи? Ова прашање доби мало внимание во последните години. Промислувачите на надворешната политика и политичарите на двете страни од Атлантикот го негираат постоењето на стварни разлики или настојуваат да ги омекнат постојните несогласности, укажувајќи дека трансатланскиот сојуз и во минатото имал тензични моменти. Оние пак кои сегашните разлики ги сфатија посериозно, особено во Европа, беа позаинтересирани за тоа зошто Соединетите Држави дејствуваат на начинот на кој што го прават тоа – или, зошто Европа дејствува така како што го прави тоа. Крајно време е да се отиде отаде ваквото порекнување на разликите и навредите и да се соочиме со проблемот.

Независно од тоа во што веруват повеќето Европјани и Американци, ваквите разлики во стратегиската култура не произлегуваат пропродно од националните карактери на Американците или Европјаните. Она што Европјаните денес го сметаат за своја помировна стратегиска култура е, историски зборувано, сосема ново. Тоа претставува еволуција настрана од онаа многу различна стратегиска култура која преовладуваше со Европа стотици години – барем се до Првата Светска Војна. Европките влади – и народи – кои ентузијастички влегуваа во меѓусебни војни веруваа во *Machtpolitik* (политиката на сила). Тие беа загорени националисти волјни да ја промовираат националната идеја со силата на оружјето, како што тоа го напразија Германците за време на Бизмарк или со сабја да промовираат *egalité* (еднаквост) и *fraternité* (братство), како што се обиде Наполеон на почетокот на векот, или да го прошират благословот на либералната цивилизација преку митовите на канонот, како што тоа го правеа Британците во текот на седумнаесеттиот, осуммнаесеттиот и деветнаеттиот век. Европскиот поредок кој стапи во сила по обединувањето на Германија во 1871 година беше, „како и сите негови претходници, создаден преку војна".[3] Иако корените на сегашниот европски светоглед може да се откријат назад во просветителството, самата европска политика на голема сила од минатите триста години не ги следеше визионериските планови на филозофиите и на физиократите.

Слично е и со Соединетите Држави. Нема ништо вонвременско во нивното сегашно тешко потпирање врз силата како средство во меѓународните односи, или пак во нивното прибегнување кон унилатеризам и кон одбегнување на

[3]Michael Howard, *The Invention of Peace* (New haven, 2001) стр. 47.

меѓународното право. И Американците се деца на просветителството и во првите години на републиката тие беа многу поверни апостоли на неговото кредо. При нејзиното раѓање, Америка беше големата надеж на европските просветители кои го презираа нивниот сопствен континет и во Америка гледа како на она место „каде што разумот и хуманоста“ може да се „развијат побрзо отколку на било кое друго место.“[4] Реториката, ако не секогаш праксата, на раната американска надворешна политика беше исполнета со принципите на просветителството. Американските државници од доцниот осумнаесетти век, исто како, и европските државници денес ги воздигнуваа доблестите на трговијата како мелем за меѓународните спорови, а меѓународното право и меѓународното мнение ги ставаа пред бруталната сила. Младите Соединети Држави употребија сила против послабите народи од северно американскиот контитнет, но кога имаа работа со европските џинови, тие ја отфрлаа силата и ја критикуваа како застарена политиката на сила европските империи од осумнаесеттиот и деветнаесетитот.

Некои историчари од ова изведоа погрешно сфаќање дека американската основачка генерација беше утописка, дека таа вистински ја сметала политиката на моќ за „туѓа и одбивна“ и дека била едноставно неспособна „да ја сфати важноста на моќта како фактор во надворешата политика“.[5] Но, Џорџ Вашингтон, Александар Хамилтон, Џон Адамс па дури и Томас Џеферон не беа утописти. Тие беа добро упатени во реалностите на меѓународната политика на моќ. Тие можеа да играат според европските правила тогаш кога тоа им го дозволуваа околностите, но често посакуваа да имаат моќ за да можат играта на политика на моќ да ја играат поефективно. Но, тие беа доволно реалистични да знаат дека беа слаби и затоа, за да го трасираат својот пат во светот свесно и несвесно ги употребуваа стратегиите на слабиот. Тие ја кудеа политиката на моќ и искажуваа неподносливост кон војната и воеата сила –области во кои тие беа инфериорни во споредба со големите европски сили. Тие ги воспеваа предностите и ги негуваа ефектите на трговијата, област во која Американците се натпреваруваа на порамноправно ниво. Тие се повикуваа на меѓународното право како најдобро средство за регулирање на однесувањето на нациите, добро знаејќи дека тие немаат многу поинакви средства за да им се спротивстават на Велика Британија и Франција. Од нивното читање на Емери Вател дека во меѓународното право „силата или слабоста .... не се воопшто важни. Џуџето е исто толку човек колку и џинот; една мала република не е помалку суверена држава отколку најмоќното

[4]Robert R. Palmer, *The Age of Democratic Revolution: A Political History of Europe and America 1760-1800* (Princeton, 1959), 1:242.

[5] Цитирано според Gerald Stourzh, *Alexander Hamilton and the Idea of Republican Government* (Stanford, 1970), стр. 134

кралство".[6] Подоцнежните генерации Американци, поседувајќи поголема моќ и влијание на светската сцена, не беа секогаш толку приврзани кон за вакавата егалитарно ограничувачка особина на меѓународното право. Но, во осумнаесетитот и раниот деветнаесетти век тие кои не секогаш сакаа да бидат ограничувани беа големите европски сили.

Два века подоцна, Американците и Европјаните си ги сменија местата – и перспективите. Ова делумно е затоа што во претходните двеста години, а особено во последните декади, драматично се промени равенката на моќта: Кога Соединетите Држави беа слаби, тие ги практикуваа стратегиите на ненаметнување, стратегиите на послабите; сега кога Соединетите Држави се моќни се однесуваат така како што правеа моќните нации. Кога европските големи сили беа моќни, тие веруваа во јачината и воената сила. Сега тие го гледаат светот со очите на послабата сила. Ваквите многу различни светогледи нормално создадоа различни стратегиски судови, различни проценки за заканите и за соодветните средства за справување со нив, различни сметки за интересите и различни перспективи во однос на вредностите и значењето на меѓународното право и меѓународните институции.

Но, дури и овој јаз на моќта дава само делумно објаснување за поширокиот расцеп кој се отвори меѓу Соединетите Држави и Европа. Паралелено со овие природни последици од трансатланскиот диспартет во моќта, се отвори и еден широк идеолошки процеп. Европјаните, поради нивното специфично историско искуство од минатиот век – кое кулминираше со создавањето на Европската Унија – развија еден комплет од идеали и принципи во врска со полезноста и моралноста на моќта кои се различни од идеалите и принципите на Американците кои го немаат таквото искуство. Ако стратегиската шизма меѓу Соединетите Држави и Европа денес се покажува како поголема од било кога порано и ако таа и понатаму расте до загрижувачки размери, тоа е затоа што ваквите материјални и идеолошки разлики се засилуваат едни со други. Можно е никогаш повеќе да не може да се преобрати конфликтниот тренд кој тие заедно го подигаат.

---

[6] Цитирано според Gerald Stourzh, *Alexander Hamilton and the Idea of Republican Government* (Stanford, 1970), стр. 134